# Пронајдени пиротехнички средства во Куманово, лишени од слобода три лица, следуваат соодветни пријави

31/12/2025



На 30.12.2025 во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово ги лишија од слобода А.А.(39), М.В.(21), двајцата од Куманово и Е.Џ.(28) од с.Лојане, општина Липково. При преглед на тезга кај Зелениот пазар на бул.„Трета македонска ударна бригада“, сопственост на А.А., пронајдени се и одземени над 420 парчиња разновидни пиротехнички средства. При контрола на возило „сеат леон“ на ул.„11 Октомври“, управувано од М.В., пронајдени се и одземени 32 парчиња разновидни пиротехнички средства. Додека, при преглед на возило „мазда“ на влезот на Куманово, управувано од Е.Џ., пронајдени  се и одземени 150 парчиња разновидни пиротехнички средства.

Лицата се задржани во полициска станица и по целосно документирање на случаите, против нив ќе бидат поднесени соодветни пријави по член 396 од Кривичниот законик.



Информации
ул. Димче Мирчев бр. 9,
1000 Скопје, Република Северна Македонија
+389 (0)2 3 117 222
kontakt@moi.gov.mk



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
© 2025 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.